**КАРПАЛ ТУНЕЛ СИНДРОМ**

Карпал тунел синдром е сегментна невропатија на н.медијанус во зглобот на рачјето.

Причината е притисок на н.медијанус кога тој поминува низ заедничката обвивка на тетивите на прстите заедно со лигаментите во карпалниот тунел.Најчесто се јавува кај средновечни жени.

Причина може да биде:

-предменструални отоци или отоци за време на бременост

-ревматоиден артритис,хипотиреоидизам,амилоидоза

-кај шивачки,везачки,тенисери,голфери заради често повторувани движења на зглобот(флексија,супинација и пронација)

-траума,физичка активност

Се манифестира со парестезии(трнење) и болка на внатрешната страна на шаката и тоа l,ll ,lll прст и lV прст.Симптомите се најчести ноќе и се намалуваат со протресување на шаката.

Дијагноза се поставува при преглед со притисок на воларната страна на китката(Тинелов знак) или со целосно свиткување на рачниот зглоб една минута,при што се јавува болка и трнење.

Конзервативно лекување-антиинфламаторни лекови и локална апликација на кортикостероиди

-физикална терапија-се делува симптоматски со цел намалување на болката,отокот и смирување на парастезиите(трнењето).Се користат:електропроцедури(дијадинамски,интерферентни струи,електрофореза со кортизон),ултразвук,магнет,ласер

-хируршко лекување-се прави декомпресија(ослободување) на нервот со пресекување на трансверзалниот карпален лигамент